# Анализа на работата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во 2022

јуни 2023

Проектот е финансиран
од Европската Унија

# АНАЛИЗА НА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ВЛАДАТА И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО 2022

**ИЗДАВАЧИ**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Национална фондација за развој на граѓанското општество, Граѓански ресурсен центар (ГРЦ)

**ЗА ИЗДАВАЧИТЕ**
Александар Кржаловски, директор на МЦМС
Валентина Величковска, извршен директор на ГРЦ

**АВТОР**
Валентина Величковска

**КОНТАКТ**
**МЦМС -** адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41 а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
е-пошта: mcms@mcms.mk; веб-страница: www.mcms.mk.
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697;
SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk

**ГРЦ** - адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41 а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
е-пошта: info@rcgo.mk; веб-страница: www.rcgo.mk.
Facebook: https://www.facebook.com/rcgomk

*Овој извештај е финансиран од Европската Унија. Содржината на извештајот е единствена одговорност на авторот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и организациите спроведувачи на проектот „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2”.*

# Содржина

Вовед ..... 4

1. Патот на воспоставувањето на Советот 2014 - 2017 година ..... 5
2. Основни карактеристики и надлежности на Советот ..... 7
3. Преглед на функционирањето на Советот до 2022 година ..... 8
4. Работата на Советот во 2022 година ..... 9
   - 4.1. Структура на анализата ..... 9
   - 4.2. Општ осврт ..... 10
   - 4.3. Спроведување на Програмата за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество за 2022 година ..... 10
   - 4.4. Содржина на записниците од седниците на Советот ..... 16
   - 4.5. Присуство на седници на Советот ..... 17
   - 4.6. Вклученост на надворешни лица во работата и на седниците на Советот ..... 18
   - 4.7. Престанок на членувањето во Советот ..... 18
   - 4.8. Работни тела во рамки на Советот ..... 19
   - 4.9. Информирање, вклучување и консултирање на засегнатите страни ..... 19
   - 4.10. Јавност на работата на Советот ..... 21
5. Од активен Совет до бојкот ..... 21
6. Заклучоци и препораки ..... 24
   - 6.1. Заклучоци ..... 24
   - 6.2. Препораки ..... 25

Анекси ..... 26

Анекс 1: Присуство на членовите на Советот во 2022 година ..... 26

# Вовед

Еден од приоритетите на Граѓанскиот ресурсен центар (ГРЦ) и на Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) е создавање овозможувачка околина за развој на граѓанското општество. Моделите за соработка меѓу Владата и граѓанските организации придонесуваат кон унапредување на околината во која делува граѓанското општество. Имајќи го предвид искуството на земјите од регионот, МЦМС се залагаше за воспоставување на Совет за соработка на Владата со граѓанското општество, преку промовирање на идеата за потребата и важноста на активна меѓусекторска платформа која ќе ги дискутира и афирмира клучните потреби за развој на граѓанското општество и ќе придонесува кон воспоставување на овозможувачка средина за негово делување.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, формиран во 2018 година, е советодавно тело на Владата на Република Северна Македонија за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанското општество. Ова тело претставува највисоката форма на партиципација, кога претставници на граѓански организации заеднички работат со владини претставници на одредени прашања од интерес на граѓанското општество. Целта на Советот е да влијае на довербата меѓу граѓанското општество и државата и да предводи и иницира промени и овозможувачка околина за граѓанските организации.

Анализата дава краток преглед од зачетоците на идејата за креирање на Советот, формирањето на Советот и неговото функционирање до крајот на 2022 година. Посебен фокус и детално е разработено неговото функционирање во 2022 година и спроведувањето на Програмата за работа на Советот за 2022. И покрај значајната функција на Советот во развој на ГО, поради намалената соработка на Владата со ГО, усвојувањето на Владата на одлуки со кои го анулира Советот и неговата функција, членовите на Советот од редот на ГО започнаа со бојкот на работата на ова тело во март 2022 година. Особено е важно граѓанските организации и останатите засегнати страни подетално да се запознаат со бојкотот на работењето на Советот од страна на членовите од редот на граѓански организации кој започна во март а продолжи и во 2023 година, па затоа анализата се обидува да даде детален хронолошки приказ на бојкотот но и ефектите што ги има.

Намерата на оваа публикација е да придонесе кон унапредување на работата на Советот, како највисоко тело во мешовит состав со мандат да иницира и дискутира политики важни за целото граѓанско општество. Имајќи предвид дека обезбедувањето на ефективна работа на Советот е важна задача, се надеваме дека истакнатите добри практики во досегашната работа на Советот, но и согледаните недостатоци, ќе дадат насоки за негово подобрено функционирање.

Анализата е наменета за сите чинители од граѓанскиот сектор, пред се за членовите на Советот но и сите други граѓански организации како и за Владата. Пошироко, анализата е важна за поттикнување на интересот и довербата на граѓанскиот сектор за работата на Советот, како и зголемување на проактивноста за вклучување со иницијативи и предлози.

Оваа анализа треба да биде и поттик за остварување на заложбата на Владата и на државните институции за развој на граѓанското општество наведени во актуелната Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024, за обезбедување на континуирано работење на независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

# 1. Патот на воспоставувањето на Советот 2014 - 2017 година

Државата се заложи за соработка со и развој на граѓанското општество преку четири стратешки документи почнувајќи од 2007 година. Во рамки на првата Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2007-2011 (во понатамошниот текст стратегија) експлицитно не е спомената потребата од формирање на Совет како механизам за соработка[1]. Сепак дадена е одредена насока, дека Владата ќе цели кон обезбедување конкретна институционална обврска за негување сеопфатни и поквалитетни односи меѓу државата и граѓанското општество.

Во втората Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017) експлицитно беше истакната потребата од воспоставување советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор[2]. Во Стратегијата, Владата ја препознава потребата да се вклучи поактивно граѓанскиот сектор во дефинирање на политиките и да придонесе кон континуирана и отворена дебата за потребите од развој на граѓанското општество. За таа цел, Владата предвиде зајакната институционална соработка и зголемено учество на граѓанските организации во дефинирање на приоритетите за соработка и развој, преку советодавно тело. Телото требаше да биде воспоставено во соработка и консултации со граѓанските организации и во таа насока беа предвидени низа активности почнувајќи од консултации и подготовки за Советот врз основа на добри практики, се до подготовка на интерни акти. Во 2013 година со финансиска поддршка од ЕУ преку проектот Техничка поддршка за граѓанските организации (ТАКСО) беше изготвена првата споредбена анализа на постоечките советодавни механизми и содржеше предлог на модел на Совет, а предлогот беше дискутиран на дводневна дискусија со 85 учесници[3].

Согласно мерките и активностите во Стратегијата, во 2014 година беше преземен првиот чекор на Владата, преку подготовка на предлог-одлука за формирање Совет за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанското општество. За предлог-текстот беше објавен повик за консултации со граѓанските организации при крајот на ноември 2014 година.

По одржувањето на консултациите, првичниот текст на предлог-одлуката во јануари 2015 г. беше изменет и предвиде проблематични одредби кои оневозможуваат формирање совет во согласност со принципите на репрезентативност и легитимност. Во новата предлог-одлука беше предвидено посебна комисија формирана од страна на Владата да врши постапка за избор на членови на советот од редовите на граѓанските организации, наместо тоа да биде направено јавно и од самите организации. Дополнително, предвидена беше повеќебројност на претставници од органите на државна управа, наспроти претставници од граѓанското општество. Конечно, и покрај тоа што претседателот на советот согласно добрите практики треба да е претставник на граѓанското општество, со новите одредби беше предвидено да биде избран од Генералниот секретаријат (ГС) на Владата.

> На овие измени на првичниот текст на предлог-одлуката, реагираа 75 ГО со конкретни барања и предлози и постапката на усвојување беше “замрзната” во времетраење од една година.

[1] Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2007-2011, Влада на Република Македонија, достапна на: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Strategija_za_sorabotka_na_Vladata.pdf (посетена на 15 мај 2023г.)
[2] Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор : 2012-2017, Влада на Република Македонија, достапна на: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/dokumenti/strategija_2012-2017.pdf (посетено на 15 мај 2023г.)
[3] Дводневната конференција беше организирана во јуни 2013г. од проектот Техничка поддршка за граѓанските организации (ТАКСО) финансиран од Европската Унија.

Во 2016 година повторно се отвори процесот на воспоставување на Совет. ГС на Влада го претстави предлог текстот на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (во понатамошниот текст Одлука) пред ГО[4]. По само два работни дена откако изменетиот текст на одлуката беше претставен, истиот беше усвоен на редовна седница на Владата на 17 мај 2016 година[5]. Следствено, Владата не овозможи доставување коментари и мислење од страна на организациите. Ваквата состојба доведе до заедничко здружување и реакција на група од 93 граѓански организации.

> Вкупно 93 организации испратија официјален допис до Владата изразувајќи загриженост за функционалноста и работата на Советот од повеќе причини:
> - отсуство на квалитетни консултации;
> - мнозинство членови од редот на ОДУ;
> - усвојување на Одлуката во екот на политичката криза и со техничка влада;
> - краток рок и непрецизните технички детали за избор на кандидатите без механизам за надгледување на процесот.

На реакциите на граѓанските организации, немаше повратни информации од страна на Владата и по три дена од донесување на одлуката, на 23 мај 2016 година, ГС на Владата објави јавен повик за избор на 13 члена од здруженија и фондации на Советот за соработка на Владата со граѓанскиот сектор. Резултатите во скоро сите области во кои беа избрани претставници од граѓански организации во Советот беа проблематични, бидејќи профилот на избраните кандидати, како и портфолиото на нивните организации, не беше соодветно на дадените области (развој на граѓанското општество, култура итн.). Понатаму, избраните кандидати беа поддржани главно од организации со кои тесно соработуваат во истата област, и покрај тоа што немаат искуство и придонес во одредената област (на пример, во областа на развој на граѓанското општество кандидатот со најмногу гласови беше претседателот на Кајакарската федерација на Македонија, поддржан од гласовите на другите спортски федерации, како: карате, бокс, Бадминтон итн. Сепак, избраните кандидати никогаш не беа официјално потврдени од страна на Владата, а со тоа и Советот не беше официјално воспоставен до крајот на 2016 г.

> Дел од граѓанските организации што претходно упатија јавна реакција за запирање на процесот за избор на претставници од граѓанското општество во Советот организираа консултативна средба на која се дискутираше за содржината на одлуката и ги усогласуваа различните мислења и ставови за формирање функционален совет. Клучни измени беа предложени во насока на:
> - зголемување на бројот на членовите од редовите на ГО;
> - подигање на нивото во административната хиерархија на претставниците од ОДУ;
> - подигнување на транспарентноста и отчетноста при спроведувањето на изборот на претставници од ГО;
> - сеопфатност на областите од кои доаѓаат членовите од ГО.

Воспоставувањето на Совет за соработка беше реафирмирано по подолг застој, односно во јули 2017 година кога ГС преку Одделението за соработка со невладини организации организираше средба со граѓански организации кои го следеа процесот на воспоставување на Совет и во континуитет понудија измени и дополнувања на одделни решенија од постоечката одлука за формирање Совет. По состанокот, Одделението беше задолжено да спроведе процес на електронски консултации за последниот текст на одлуката за формирање совет. Заедничките заложби на граѓанскиот сектор резултираа со прифаќање на најголем дел од нивните предлози во конечниот текст на одлуката.

---

[4] Извор: https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/63

[5] Одлука за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор, Службен весник на РМ бр. 98/16, достапна на: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/dokumenti/odlukaSovet982016.pdf (посетена на 15 мај 2023г)

Врз основа на член 6 од одлуката, Одделението во декември објави јавен повик за избор на 16 членови на Советот од редот на здруженијата и фондациите. Процесот на избор на членови од граѓанскиот сектор започна на 21 декември 2017 година. Во рамки на зададениот рок, пристигнаа апликации од вкупно 52 кандидати. Сепак, од нив само 32 организации имаа предложено кандидати со комплетна документација и запазени и исполнети организациски и индивидуални критериуми. Процесот на избор на претставници од граѓански организации беше оценет како транспарентен и отчетен.

> Два претставника од граѓански организации присуствуваа на отворањето на пристигнатите документи и броењето на гласовите. Имено, Одделението пристапи до претставниците од граѓанските организации од неформалната иницијатива составена од над 89 организации и од ИПА механизмот кои активно беа вклучени во забелешки и решенија во текот на долгиот период на воспоставувањето на Советот.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество (првичен назив Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор) е формиран со Решение на Владата на Република Северна Македонија на 13.4.2018 година[6], а врз основа на член 3 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор[7].

## 2. Основни карактеристики и надлежности на Советот

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество е советодавно тело на Владата за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор во Македонија. Советот е составен од вкупно 31 членови кои ги назначува Владата и се со мандат во времетраење од 3 години. Од нив 15 доаѓаат од редот на вработените во органите на државна управа и 16 членови на предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ). Основен документ кој ја дефинира работата на Советот е Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество[8].

Работите кои Советот е потребно да ги врши се определени во член 2 од Одлуката, а тоа се:

1. Ја следи и анализира јавната политика која влијае на околината во која се развива граѓанското општество;
2. Предлага иницијативи за донесување на нови или изменување и дополнување на постојните прописи за унапредување на правната и институционалната рамка за делување на организациите;
3. Дава мислење по предлози на закони, стратегии, програми и други правни акти кои се однесуваат или влијаат на развојот и на делувањето на граѓанското општество во следните области: развој на граѓанското општество, демократија и владеење на правото, промоција и заштита на човековите права и антидискриминација, економски и одржлив развој, наука, образование и доживотно учење, млади, социјална заштита и заштита на деца, заштита на маргинализираните лица, родова еднаквост, заштита на здравјето, заштита на животната средина, спорт и ЕИ интеграции и политики;
4. Спроведува активности за подигање на свеста за промовирање на култура на соработката и партнерство преку воспоставување структурен дијалог на граѓанското општество со Владата;

[6] Решение за назначување членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, „Службен весник на РМ“ бр.66/18
[7] Службен весник на РМ“ бр. 98/16, 164/17 и „Службен весник на РСМ“ бр. 97/19, 116/21.
[8] Одлука за формирање на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, Службен весник на РМ бр. 98/16, 164/17, Службен весник на РСМ бр. 97/19, 116/21, достапна на: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/%D0%9Edlukata%20za%20Sovetot%20-%20precisten%20tekst%202019.pdf (посетена на 15 мај 2023г)

5. Учествува во подготовката и го следи спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанското општество и Акцискиот план за спроведување на Стратегијата, преку разгледување на квартални извештаи за напредокот на спроведувањето на Стратегијата;
6. Дава мислење на годишно ниво за реализација на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанското оптштество, по добиени извештаи/анализи/евалуации од Генералниот секретаријат – организациона единица за соработка со граѓанското општество;
7. Учествува во следење и анализирање на вклученоста на организациите во процесот на креирање на јавната политика во следните области: развој на граѓанското општество, демократија и владеење на правото, промоција и заштита на човековите права и антидискриминација, економски и одржлив развој, наука, образование и доживотно учење, млади, социјална заштита и заштита на деца, заштита на маргинализираните лица, родова еднаквост, заштита на здравјето, заштита на животната средина, спорт и ЕИ интеграции и политики, преку доставените извештаи за спроведени консултации од страна на органите на државната управа и дава препораки за нејзино унапредување;
8. Ги спроведува постапките за номинирање и избор на претставници од граѓанското оптштество во работните групи за изработка на јавните политики, комисиите, комитетите, советодавните тела и другите форми на учество по барање на Владата и органите на државната управа или по барање и иницијатива на организациите;
9. Дава предлози при планирањето на областите и специфичните приоритети за финансирање на активностите на организациите од Буџетот на Република Северна Македонија, врз основа на елаборирана секторска анализа на надлежните органи на државната управа;
10. Ги разгледува годишните извештаи на Владата и ОДУ за финансираните програми и проекти на организациите и дава препораки
11. Разгледува предлози поднесени од организации и зазема ставови по прашањата поврзани со овозможувачката средина за организациите;
12. Донесува годишен план за својата работа;
13. Усвојува годишен извештај за својата работа од претходната година што го објавува на веб страна та на ГС-организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор и го доставува до Владата и јавноста за информирање.

Административно-техничките работи на Советот ги врши Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата. Дневен ред, материјали по одделните точки од дневниот ред и записниците од седниците редовно се објавуваат на www.nvosorabotka.gov.mk во делот за Советот.

## 3. Преглед на функционирањето на Советот до 2022 година

Советот ја одржа својата конститутивна седница на 16 април 2018 година. Во првиот мандат, односно од април 2018 до јуни 2021 година, Советот имаше интензивен и динамичен период на одржување на седниците, одржувајќи вкупно 32 седница или околу 10 седници годишно. Во овој период Советот разгледа вкупно 63 материјали, од кои 38 на предлог и/или подготвени од Одделението за соработка со невладини организации на ГС на Владата, 5 на предлог на член од редот на вработените во органите на државната управа и 20 на предлог на членови од редот на организациите[9]. Во првиот мандат, Советот формираше пет работни групи кои работеа на изработка на Деловник за работа на Советот; предлог за изменување и дополнување на Одлуката за

[9] Извештај за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за период април 2018 – јуни 2021г, достапен на: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Dopolnet%20Izvestaj%20Sovet%202018-2021_0.pdf (посетена на 15 мај 2023г)

формирање на Советот; План за комуникација на Советот; Предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија; утврдување на предлог-приоритети за финансиска поддршка на граѓанските организации од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија во 2020 година, методологија и критериуми за распределба на средствата.

Една од надлежностите што ги презема Советот, иако тогаш тоа не беше уредено со Одлуката за формирање на Советот, беше номинирање на претставници на граѓанскиот сектор во советодавни и работни тела. Со Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр.38-22/1 од 4.7.2019 година, се уреди постапката за номинирање претставници на граѓанскиот сектор во советодавни и работни тела. Па така, во првиот мандат, Советот номинираше 53 претставници на граѓанскиот сектор во 16 советодавни и работни тела.

Во март 2021 година, Генералниот секретаријат на Владата објави јавен повик за избор на 16 члена на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на граѓански организации. На повикот во предвидениот рок беа добиени пријави од 26 кандидати од кои за четири кандидати не беше доставена целосна документација и истите не беа подобни за гласање од другите организации за членови на Советот. Бројката на добиени гласови за пријавените кандидати варираше од ниту еден добиен глас до 21 глас за еден кандидат. Поради непријавен кандидат или недобиен ниту еден глас, Јавниот повик за избор на членови на Советот од редот на здруженија и фондации беше повторен во мај за пет тематски области (земјоделство и рурален развој; медиуми и информатичко општество; заштита на животната средина; спорт; и ЕУ интеграции и политики). Јавниот повик за избор на членови на Советот од граѓански организации во областите животна средина и ЕУ интеграции и политики беше објавен и по трет пат во јули. Вториот мандат на Советот започна со работа без член од граѓанските организации во областа на животна средина и за оваа област имаше нов повик (четврт) за избор на член во ноември 2021 година.

> Слаб интерес меѓу граѓанските организации за номинирање на член во Советот како и за гласање за пријавените кандидати. Јавниот повик за избор на членови беше повторно објавен трипати (првиот пат за пет области, вториот пат за две области и последнит пат за една област). Двајца кандидати беа избрани за членови на Советот само со по еден глас од граѓанските организации. Во областа на животна средина и на третиот повик имаше само еден кандидат кој не доби ниту еден глас за поддршка.

Конститутивната седница на вториот состав на Советот беше одржана на 15 септември 2021 година а до крајот на 2021г. овој состав на Советот одржа вкупно три седници.

# 4. Работата на Советот во 2022 година

## 4.1. Структура на анализата

Анализа на работата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество се однесува на периодот јануари – декември 2022 година. Работењето на Советот во 2022 се заснова на Програмата за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество за 2022 година[10] што беше усвоена од членовите на Советот на третата седница на Советот одржана на 26.12.2021г. Анализата го разгледува функционирањето и работата на Советот, согласно главните акти и тоа Одлуката, Деловникот и Програмата за работа за 2022 кои го регулираат неговото постоење и работа.

[10] Програма за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество за 2022 година, достапна на: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Donesena%20Programa%20Sovet%202022.pdf (посетена на 25 мај 2023г)

Податоците за анализа на работата на Советот се засновани пред се на достапните записници и материјали објавени на веб-страницата на Одделението за соработка со НВО, за седниците на Советот како и активностите кои ги правел Советот. Понатаму, прибрани се други материјали преку деск истражување од достапни анализи како што е Извештајот за овозможувачка околина за развој на граѓанското општество 2022, во чии рамки се спроведува онлајн Прашалник за следење на овозможувачката околина за 2022 година, на кој одговорија 218 организации. Организирани се интервјуа со членови на Советот и Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат на Владата. За полесно организирање и анализа на податоците за работењето на Советот во 2022 година се известува согласно на табелата која е составен ден на Програмата за работа на Советот за 2022 година.

## 4.2. Општ осврт

Во 2022 година Советот одржа четири седници со вкупно 13 точки на дневен ред и разгледа девет материјали, од кои четири материјали на предлог на членовите од редот на граѓанските организации, еден на предлог на член од редот на органите на државна управа и четири материјали на предлог од ГС на Владата – Одделение за соработка со невладини организации.

Согласно точките на дневен ред во записниците на Советот, посветено е најмногу внимание на унапредување на финансирањето од државата за граѓанските организации (5 точки на дневен ред). Имено, оваа тема беше и главната причина зошто граѓанските организации членки во Советот започнаа бојкот во работењето на Советот во март 2022 година.

> Членовите на Советот од редот на ГО на петтата седница (17.03.2022) започнаа бојкот на работењето на Советот се додека Владата не се произнесе за Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година. Советот испрати неколку барања до Владини претставници на највисоко ниво но безуспешно. До крајот на 2022 членовите на Советот од ГО останаа во бојкот иако одржаа две средби (Тематска средба во април закажана пред одлуката за бојкот и вонредна седница за Одлуката за критериумите и начинот на распределба и користење на средствата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот).

Понатаму, посветено е внимание на прашања поврзани со работењето на Советот, преку усвојување на годишниот извештај за работата на Советот, развивање на Комуникациска стратегија и План за комуникација на Советот.

Треба да се истакне дека во 2022 на седниците на Советот се покренати неколку прашања и предизвици во работењето на граѓанските организации и направени се напори да се решат истите, но за жал напорите не беа многу успешни. Па така на седница на Советот се дискутираше за проблемите што организациите ги имаат при регистрирање на вистински сопственик, или информацијата за напади и делегитимирање на граѓанските организации.

## 4.3. Спроведување на Програмата за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество за 2022 година

Програмата за работа на Советот, усвоена од членовите на Советот на третата седница на Советот одржана на 26.12.2021г. е прва програма за работа на Советот и е добра основа за подобрување на ефективноста но и транспарентноста во работењето на Советот. Програмата содржи три општи цели и шест посебни цели со вкупно 20 очекувани резултати. Од овие очекувани резултати три (15%) се реализирани во 2022 година, делумно се реализирани три (15%) а останатите 14 резултати (70%) не се реализирани.

Најголемиот процент од спроведените активности биле планирани за првиот квартал од годината, што значи дека работењето на Советот започнал согласно на Програмата за работа. Бојкотот на работењето на Советот што започна во март 2022 година во голема мера доведе до ова ниско ниво на спроведување на Програмата за работа на Советот.

*Општа цел 1. Ефикасно и ефективно влијание на владините и секторските политики поврзани со околината во која се развива граѓанското општество*

Најголем број од спроведените или делумно спроведените активностите се за првата приоритетна област.

Според записниците, во 2022 година Советот не одржа ниту една седница на која што е дискутирано за спроведувањето на Стратегијата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 иако според Програмата за работа треба на квартално ниво да се разгледува прашањето и членовите да даваат препораки за поголема ефикасност и ефективност во спроведување на целите и активностите од Стратегијата и Акцискиот план. Одделението за соработка со невладини организации по електронски пат ги информираше членовите на Советот со извештаите за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за првиот и за вториот квартал од 2022г. и побара мислење по Нацрт-Извештајот за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022 – 2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2022 година.

Иако во 2022 беше активна работната група за измена на Законот за здруженија и фондации, во април Одделението имаше повик до граѓанските организации за придонес во подготвувањето на измените на Законот, на крајот од годината имаше онлајн консултативни средби за Законот, а во ноември Собранието изгласа измена на Законот на предлог од група пратеници, сепак според записниците од седниците на Советот, точката за статусот на процесот на консултации за измени на Законот не се најде на дневен ред на ниту една од четирите седници во 2022 година, а не е ни спомнато под точка разно. Се разбира, се има предвид дека Советот е на бојкот од март 2022г.

На првите две седници на Советот (пред започнување на бојкотот) како точки на дневниот ред се најдоа неколку прашања поврзани со овозможувачката средина за граѓанското општество, а иницирани од други граѓански организации. На четвртата седница беше дискутирано за Информацијата за обидите за делигитимирање на граѓанскиот сектор и штетноста на говорот на омраза и насилството врз граѓанското општество и активностите за човекови права. Информацијата беше усвоени од Советот и проследена од Одделението до Владата и беше разгледана на 34-тата седница на Владата (одржана на 29.03.2022г). На четвртата и петата седница на Советот се дискутираше за проблемот со кој се соочуваат низа граѓански организации кои не регистрирале вистински сопственик во Централиот регистар на РСМ во законскиот рок. Неколку членови на Советот одржаа состаноци со релевантните државни институции и направија напори да се реши прашањето.

На шестата тематска седница на Советот беше дискутирана Информацијата за состојбите во однос на обезбедување на социјална и здравствена заштита од страна на ГО. Согласно на заклучоците од оваа седница, Одделението ја достави Информацијата до Владата и истата беше разгледана на 55-тата седница на Владата (одржана на 28.06.2022г).

*Општа цел 2. Зајакнување на партнерството во процесите поврзани со европската интеграција*

Во рамки на оваа цел Програмата става акцент на вклучување на граѓанските организации во процесот на пристапните преговори со Европската унија. Иако во Програмата за работа е планирано да се започне со активностите во март сепак според записниците Советот не спроведе активности за остварување на оваа цел во 2022г. Во септември 2022г. Владата донесе Одлука за воспоставување на структура за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија[11], а Секретаријатот за европски прашања во ноември објави јавен повик за пријавување на сите заинтересирани граѓански организации за консултации за процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија кон Европската Унија.

*Општа цел 3. Подобрување на финансиската оддржливост на граѓанските организации*

Најголем дел од дискусиите на седниците на Советот во 2022 година се водеа за остварување на првиот резултат од оваа општа цел. Неусвојувањето од Владата на Предлог-Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година на Генералниот секретаријат на Владата беше главната причина за членовите на Советот од редот на граѓански организации да одлучат да ја бојкотираат работата на Советот. Сепак ставањето фокус на остварување на овој резултат доведе до стагнација во остварувањето на останатите резултати од оваа општа цел, пред се реформата на државното финансирање на граѓанските организации. Работната група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации формирана со решение на генералниот секретар на Владата на иницијатива на Советот одржа повеќе состаноци во 2022г. и до Работната група на Министерството за правда за Законот за здруженија и фондации достави предлог-одредби за Државна поддршка на организациите и за Фонд за поддршка и развој на грѓанското општество.

Табела 1: Ниво на реализација на целите на Годишната програма за работоа на Советот

| **Излезен резултат** | **Тема/прашање за разгледување на седница** | **Број на седници** | **Временска рамка** | **Ниво на реализација** |
|---|---|---|---|---|
| Општа цел: Ефикасно и ефективно влијание на владините и секторските политики поврзани со околината во која се развива граѓанскто општество | | | | |
| Посебна цел: Обезбедување ефикасно и ефективно следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество и Акцискиот план 2022-2024 | | | | |
| Заклучоци и препораки за поголема ефикасност и ефективност во спроведување на целите и активностите од Стратегијата и Акцискиот план | Квартален извештај за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2022-2024 *(Генерален секретаријаторганизациона единица за соработка со граѓански организации)* | 3 | мај, август, ноември | **Не е реализирано** (Одделението изготви и достави по електронски пат до членовите на Советот извештаи за прв и втор квартал 2022г. кои што не се |

[11] „Службен весник на РСМ“ бр.200/22

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | дискутирани на Советот) |
| Посебна цел: Нормативно и институционално подобрувања на околината во која се развива граѓанското општество | | | | |
| Мислење/препораки за унапредување на правната рамка за здруженија и фондации и за квалитетот на консултациите со граѓанските организации за предложените измени на легислативата | Статус на процесот на консултации за измените на Законот за здруженија и фондации *(Министерство за правда)*<br>Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации (вклучувајќи и дискусија за одредбите за организации со статус од јавен интерес и поврзаните даночни олеснувања)<br>*(Министерство за правда)* | 1<br>1 | март<br>јуни/ септември | **Не е реализирано** |
| Заклучоци и препораки за унапредување на ефикасноста и ефективноста на работата на Советот за соработка<br>меѓу Владата и граѓанското општество | Извештај за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество за<br>2021 година *(Генерален секретаријат организациона единица за соработка со граѓански организации)* | 1 | февруари | **Реализирано** (Извештајот е дискутиран и усвоен на четврата седница на 10.02.2022) |
| | Предлог-програма за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество за 2023 година *(Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации)* | 1 | декември | **Не е реализирано** |
| Заклучоци/препораки за финансирање на граѓанските организации даватели на социјални и здравствени услуги | Информација за состојбите со правната рамка и практики за финансирање на граѓанските организации даватели на социјални и здравствени услуги | 1 | Април | **Реализирано**<br>(Тематска седница одржана на 06.04.2022) |
| Заклучоци и препораки за прашања поврзани со овозможувачката средина за граѓанското општество | Дискусија по предлози на граѓански организации по прашања поврзани со овозможувачката средина за граѓанското општество | | по потреба | **Реализирано**<br>(10.02.2022)<br>(17.03.2022) |
| Посебна цел: Зголемено учество на граѓанските организации во процесот на креирање и следење на јавните политики | | | | |
| Усвоен План за комуникација на Советот | Предлог-план за комуникацијана Советот, со план за консултации со граѓанските организации *(работна група на Советот)* | 1 | јануари | **Делумно реализирано**<br>(17.03.2022) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | (Во рамки на ЕУ проект е изготвен План за комуникација на Советот, но истиот не е усвоен од членовите) |
| Заклучоци и препораки за унапредување на процесот на консултации и учество на граѓанските организации во креирањето јавни политики | Извештај за процесот на консултации при подготовка на предлог-закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2021 година *(Министерство за информатичко општество и администрација, Генерален секретаријаторганизациона единица за соработка со граѓански организации)* | 1 | април | **Не е реализирано**<br>(Одделението изготви годишен извештај кој што не е дискутиран на Советот. Извештајот е разглед од Владата на 18.10.2022г.) |
| Мислење/препораки по подзаконскиот акт за учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики | Предлог-подзаконски акт за учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики, што содржи и одредби за вклучување и избор на граѓански организации во работни групи *(Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации)* | 1 | септември | **Не е реализирано** |
| Номинирање претставници на граѓанското општество во советодавни тела | Јавен повик и табела со пријавени кандидати за учество во советодавни и работни тела на Владата и органите на државната управа<br>*(Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации)* | | по потреба | **Делумно реализирано**<br>(Номинирани се две лица за работна група при Министерство за политички систем) |
| Општа цел: Зајакнување на партнерството во процесите поврзани со европската интеграција | | | | |
| Посебна цел: Вклучување на граѓанските организации во процесот на пристапни преговори со Европската Унија | | | | |
| Усвоени препораки за генералната структура, отвореноста и инклузивноста на процесот на пристапни<br>преговори со ЕУ | Предлог на нова структура за пристапни преговори со Европската Унија<br>*(Секретаријат за европски прашања)* | 1 | март | **Не е реализирано**<br>(На 5.9.2022г. Владата донесе Одлука за воспоставување на структура за преговори за пристапување на државата во ЕУ која што не е дискутирана на Советот) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Усвоен модел за учество на граѓанското општество во процесот на пристапни преговори со Европската Унија | Предлог-модел за учество на граѓанското општество во процесот на пристапни преговори со Европската Унија *(работна група на Советот)* | 1 | јуни | **Не е реализирано** |
| Усвоени препораки за предлог-деловникот и квалитетот на учество на граѓанските организации во Секторските работни групи | Предлог-деловник за работа на Секторските работни групи (ИПА 2014-2020) *(Секретаријат за европски прашања)* | 1 | март | **Не е реализирано** |
| Организиран консултативен состанок (тематска седница) | Консултативен состанок со донаторската заедница (ЕУ и други донатори) за координирана поддршка на овозможувачката околина за граѓанското општество | 1 | март | **Не е реализирано** |
| Општа цел: Подобрување на финансиската одржливост на граѓанските организации | | | | |
| Посебна цел: Унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации | | | | |
| Усвоени препораки за унапредување на квалитетот на програмата, огласот и другите документи поврзани со планирање на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации | Оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондаци за 2022 година (со образец на пријава и предлог-проект) *(Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации)* Предлог-програма и Оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации за 2022 година *(Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците)* | 1 | јануари | **Делумно реализирано** (спроведени активности за остварување на овој резултат) |
| Заклучоци и препораки за навремено и квалитетно следење и известување за спроведување на финансираните програми и проекти на граѓанските организации | Извештај за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за 2021 година *(Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации)* | 1 | април | **Не е реализирано** (На 20.6.2022г. Одделението по електронски пат го достави на мислење Нацрт-Извештајот до членовите на Советот. Извештајот е разгледан од Владата на 72-та седница одржана на 23.8.2022г.) |
| Заклучоци и препораки за квалитетот на известување на севкупното јавно финансирање на граѓанските организации во 2021 година и препораки за реформа на системот на државно | Извештај за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од Владата, органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа во 2021 година *(Генерален секретаријат-* | 1 | мај | **Не е реализирано** (Извештајот е подготвен од Одделението и презентиран пред членовите на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| финансирање на граѓанските организации | *организациона единица за соработка со граѓански организации)* | | | Работната група за реформа на системот на државно финансирање на ГО на 17.5.2022г.) |
| Мислење/препораки по концептот за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации | Предлог-концепт за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации (со идентификувани закони и подзаконски акти што треба да се донесат)<br>*(Работна група од претставници на надлежни институции и граѓански организации)* | 1 | октомври | **Не е реализирано**<br>(Работната група за реформа на системот на државно финансирање на ГО подготви предлог одредби за дополнување на Законот за здруженија и фондации со две глави: Државно поддршка на организациите и Фонд за поддршка и развој за граѓанското општество) |
| Заклучоци и препораки за специфичните приоритети за финансирање на активности на граѓанските организации од Буџетот на Република<br>Северна Македонија за<br>2023 година | Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за 2023 година *(Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации)* | 1 | декември | **Не е реализирано**<br>(Не се предвидени средства во Буџетот на Генералниот секретаријат за 2023г.) |
| Посебна цел: Усвојување на правната рамка за олеснување на донирањето кон граѓанските организации | | | | |
| Мислење/препораки за унапредување на правната рамка за донации и спонзорства во јавните дејности | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности *(Министерство за правда)* | 1 | јуни/ септември | **Не е реализирано** |

## 4.4. Содржина на записниците од седниците на Советот

Во Деловникот за работа на Советот во член 25, во ставови од 1 до 5 е определен начинот на водење на записниците и што да содржат, и правата на членовите на Советот. Имено, на секоја седница треба да се води записникот, изјавите на членовите во Советот треба да бидат опфатени и да ги чува Одделението. Содржината на записникот треба да е: име на претседавач, име на присутни и отсутни членови, утврден дневен ред, навод за усвојување т.е. изменување на записникот од претходна седница и заклучоци по одделни точки од дневен ред, причини за одложени точки од дневен ред со наведување на предлагачот за одлагање, време и место на одржување на седница и други прашања за текот на работата на седницата на Советот.

Одделението ја исполнува својата обврска да го води записникот на начинот предвиден во Деловникот. Тие подготвуваат соодветен записник за секоја седница, кој ги содржи изјавите на сите членови и ја запазува содржината и елементите кои се предвидени во неа. Во однос на времетраењето на седниците, од четирите седници само записникот за седмата седница на крајот го содржи времето на завршување на седницата, додека пак во записниците за претходните три седници таа информација недостига. Записниците заедно со останатите пропратни материјали редовно се објавуваат на веб-страната на Одделението.

На веб-страната на Одделението во делот Номинации[12] стои дека на четвртата седница на Советот се назначени двајца претставници од Советот за учество во работната група за подготовка на Предлог-Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2022 година меѓутоа оваа информација не е дел од записникот за четврдата седница на Советот а во записникот од петтата седница на Советот се бара од овие два члена да известат за нивното учество во работната група. Од Одделението информираа дека номинацијата била направена онлајн од страна на членовите, но сепак ова треба да биде опфатено како информација во записникот од следната седница на Советот за да се има подобра транспарентност на целиот процес.

На секоја од седниците во заклучоците по точките од дневен ред произлегуваат различни задолженија, при што најголем дел се однесуваат на Одделението. На четирите седници на Советот и од 13 точки на дневен ред произлегле вкупно 12 задолжение за Одделението за соработка со невладини организации. Согласно на достапните информации сите овие задолженија биле спроведени од Одделението. Имало едно задолжение до неколку членови на Советот од редот на ОДУ и две задолженија до членови од редот на ГО. Од записниците не може да се види дали членовите од редот на ОДУ ја исполниле превземената обврска. Исто така на петтата седница на Советот членовите на Советот биле задолжени да достават писмени коментари на комуникациската стратегија и планот за комуникација на Советот, но поради започнувањето на бојкотот не може да се утврди дали оваа обврска целосно била исполнета од членовите на Советот.

Во рамки на записниците од седниците на Советот, се достапни информации околу начинот на спроведување на одредбите во Деловникот поврзани со предлагање на дневниот ред и подготовка на материјали. Па така на четвртата седница (10.02.2022) наведено е дека од страна на Мрежата граѓански организации за заштита од дискриминација била доставена информација за обидите за делигитимизирање на граѓанскиот сектор и штетноста на говорот на омраза и насилството врз ГО и активностите за човекови права. Во записникот од истата седница се наведени детали за начинот на организирање и координирање со други релевантни чинители (здруженија кои се даватели на социјални услуги, релевантни министерства) за организирање на тематската седница на Советот.

## 4.5. Присуство на седници на Советот

Членовите на Советот имаат право да присуствуваат на седница на Совет и соодветно и навремено да бидат поканети. За своето евентуално отсуство, потребно е благовремено да го известат претседателот на Советот и да определат лице кое во нивно име ќе присуствува на седницата, без право на одлучување. Секако, членот може своето мислење и предлози за материјали да ги достави до претседателот писмено, пред почетокот на седницата[13].

[12] https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/99

[13] Согласно член 14 од Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

Во 2022 година редовноста на членовите не беше проблем. Процентуално, 32% од членовите учествувале на сите четири седници, 42% учествувале на три седници, 10% учествувале на две седници, 13% учествувале на една седница а 3% не учествувале на ниту една седница. Во однос на членовите од редот на граѓанските организации, шест члена учествувале на сите четири седници на Советот, шест члена на три седници, два члена на две седници и два члена на само една седница. Членовите од редот на граѓанските организации воопшто не определувале замена за учество на седниците на Советот. Послабо учество имало од членовите од редот на органите на државна управа, така што четири члена учествувале на четирите седници (од кои еден пратил замена на една седница), седум члена учествувале на три седници а еден член не учествувал на ниту една седница во 2022 година. Членовите од редот на органите на државната управа ретко праќале замена, т.е. само на една од четирите седници испратиле една замена. Деталната табела со присуство на членовите на Советот во 2022 година е ставена во Анекс 1.

## 4.6. Вклученост на надворешни лица во работата и на седниците на Советот

Надворешни лица кои се стручни за определени области може да земат учество во работата на Советот на предлог на претседателот или на член на Советот, заради давање мислења по прашањата што се на дневен ред на седницата[14].

На тематската седница на Советот присуствувале вкупно 10 различни надворешни лица, од кои најголем број (8) биле претставници од граѓански организации, еден претставник од ОДУ и еден претставник на донатори. На седмата седница учествувале двајца претставници од ОДУ кои не се редовни членови на Советот.

Скоро на сите седници присуствувале четири претставници на Одделението за соработка со НВО.

## 4.7. Престанок на членувањето во Советот

Членувањето во Советот од редовите на граѓанските организации може да престане на лично барање, отсуство од три седници на Советот во текот на една година, како и работење спротивно на одредбите на ЗЗФ и Деловникот за работа на Советот и престанување на исполнетоста на условите од член 5 став 2 од Одлуката за формирање на Советот и поради истек на мандатот. На претставниците од редот на ОДУ може да им престане членувањето во Советот ако им престанал статусот на вработен или промени во работните задачи[15].

На крајот од 2021 година престана членувањето во Советот на претставничката од редот на ГО, за областа Родова еднаквост, на нејзино барање, кое што беше констатирано на третата седница на Советот (23.12.2021). На самиот почеток од 2022 година, Одделението спроведе јавен повик за избор на нов член во Советот. Од редот на ОДУ направена е промена на тројца членови и тоа од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии и Министерството за внатрешни работи.

Согласно на записниците од седниците на Советот регистрирано е отсуство од три седници на Советот во 2022 година кај двајца членови на Советот и тоа претставникот од Министерство за

[14] Согласно член 10 од Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
[15] Согласно членовите 15, 16 од Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

култура (не се појавил на ниту една од четирите одржани седници) и претставникот од редовите на граѓанските организации во областа на животна средина.

## 4.8. Работни тела во рамки на Советот

Советот може да формира и работни тела (групи) и да одлучи за нивен престанок, и тие се со доброволно учество на членовите на Советот[16], а може да учествуваат во нив и надворешни членови кои ќе бидат назначени од Советот без право на глас[17]. Формираната работна група, избира координатор и тие имаат право да се јават во име на Советот пред други ОДУ, ГО и други работи во надлежност на работното тело по претходно информирање на претседателот.

Во 2022 година не се формирани посебни работни тела (групи) во рамки на работата на Советот. Претходно формираните работни тела (групи) не одржале состаноци во текот на 2022 година.

## 4.9. Информирање, вклучување и консултирање на засегнатите страни

Комуникацијата и координацијата на членовите на Советот од редот на граѓанските организации се дадени како обврска во рамки на Деловникот во член 13, каде во став 5 стои дека должност е да ги информираат, вклучуваат и консултираат засегнатите страни во областа што ја претставуваат за работата и заклучоците на Советот преку структурирани нови или постојани форми за дијалог на граѓанскиот сектор со Владата.

Кандидатите кои биле номинирани за членови, а беа избрани, во своите мотивациски писма во еден дел имаат предложено и планови за комуникација и координација со засегнатите страни. Од разгледаните 16 мотивациски писма на членовите на Советот од редовите на граѓанските организации, пет члена воопшто не предвиделе план за комуникација и координација со засегнатите страни. Кај 11 членови, дадени се бројни предлози меѓу кои содржани се и принципи, активности и канали на комуникација и координација со засегнатите страни. Дел од тие предлози се: изработка на список и мејлинг листа и план за нивно вклучување. Сепак, немаме дополнителна информација, од записниците, дали членовите се зафатиле со спроведување на овие активности од своите мотивациски писма. Впечатокот е дека бројните предлози за комуникација и координација во рамки на мотивациските писма на членовите на Советот се реализираат со бавно темпо.

Анализата има ограничување во однос на информираност за залагањата и комуникација на поединечни членови со организациите во нивните области. Сепак, во поглед на добивање една општа слика за искуството на граѓанските организации, за работата на Советот во анализата се служиме со резултатите од прашалникот спроведен за потребите на Извештајот за овозможувачка околина кој што беше одговорен од 218 граѓански организации. Резултатите потврдуваат дека преовладува информираноста околу работата на Советот кај граѓанските организации. Имено, нешто помалку од две третини (61.5%) од граѓанските организации кои одговориле на прашалникот се информирани за работата на Советот. Додека пак 27.5% не се информирани за работата на Советот а 10.5% не знаеле дека постои ова тело.

[16] Согласно член 26 од Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

[17] Согласно, член 27 од Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и грашанското општество




Споредено со состојбата во 2019 година има подобрување, односно тогаш 43.9% од организациите што го одговориле прашалникот биле информирани за работата на Советот, 31.8% не биле информирани а 21.1% не знаеле дека постои Советот.

Сепак помалку од половина од граѓанските организации го препознаваат Советот како релевантно тело за соработка со Владата, односно според одговорите на прашалникот, 36.2% од организациите сметаат дека Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество претставува релевантно тело за соработка и влијание во креирање политики за развој на граѓанското општество, 17.4% не го сметаат Советот за релевантно тело за соработка а 46.3% не знаат/немаат мислење.

Понатаму, одговорите на организациите на прашалникот јасно упатуваат на недоволни напори за консултации од страна на членовите во Советот. Имено, од организациите кои се свесни за постоењето на Советот (134 организации), повеќе од пола (53.7%) изјавиле дека членовите од редовите на граѓанските организации во Советот не ги консултираат за прашања поврзани со областите на нивното делување.




Дел од препораките што граѓанските организации ги дале за подобрување на начинот на информирање од страна на Советот се: почесто информирање на Е-маил; достапност до повеќе информации за нивната работа и улога; организирање заеднички координативно-информативни состаноци на 3/6/9 месеци; разговарање со физичко присуство; потреба од поголема транспарентност во работењето на Советот; почести објавувања на веб-страната или преку Граѓански ресурсен центар, за можностите за соработка со Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

Во рамките на проектот Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија, финансиран од Европската Унија,

беа изработени предлози за Комуникациска стратегија на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество 2022-2024 и План за комуникација на Советот за соработка меѓу Владата и грашанското општество за 2022 година. Овие предлози беа дискутирани на петтата седница на Советот (17.03.2023)[18] и се одлучи членовите на Советот да достават свои забелешки електронски. Меѓутоа, по одлуката на членовите на Советот од редовите на граѓанските организации да отпочнат со бојкот на работењето на Советот оваа активност беше стопирана.

Во рамките на истиот проект беа изготвени Брошура[19] и Видео[20] за Советот за кои членовите на Советот беа информирани од Одделението на четвртата седница на Советот (10.02.2022). Меѓутоа од запусниците не може да се види дали имало дискусија, заклучоци и задолженија за понатамошна дисеминација на овие промотивни материјали до граѓанските организации и пошироката јавност со цел да се промовира работата на Советот.

### 4.10. Јавност на работата на Советот

Владата преку Одделението обезбедува услови за работа на Советот. Имено, Одделението има обврска да дава административна поддршка и да подготвува седници, да подготвува записници од седниците, годишен извештај за работа на Советот за претходна година, одржува електронска база со податоци за работа на советот, објавува дневен ред и записници од седници, се грижи за обезбедување на финансиски средства за спроведување на активностите и видливоста на работата на Советот и други работи[21].

Седниците на Советот се јавни и Советот треба да обезбедува информирање на јавноста од седниците и работата на Советот преку присуства на претставници на средствата за јавно информирање на седниците на Советот, во согласност со прописите за внатрешен ред, со објавување на соопштение за јавност, презентирање на извештаите и одлуките на Советот и други материјали кои се разгледуваат на седниците[22]. Според Деловникот за работа, седниците може и да се затворени, дел или целосно, за што треба да одлучи мнозинството од членовите на советот, особено мнозинство гласови од вкупниот број од редот на организациите.

На веб-страницата на Одделението има посебен дел за Советот со општо податоци за Советот, документи, дневни редови, записници, извештаи од работата на Советот и други материјали поврзани со работата. Во 2022 година, редовно се објавуваа дневните редови, записниците од седниците и материјалите за точките од дневиот ред. Информација за датум и дневен ред за одржување на седници се јавно достапни на веб-страницата на Одделението. Додека неколку дена по одржувањето на Седниците, се објавуваат и нацрт-записници.

## 5. Од активен Совет до бојкот

На крајот од 2021 година, Советот утврди позитивно мислење по Предлог-Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за 2022 година. Меѓутоа, Програмата поддржана од Советот не беше донесена од страна на Владата, бидејќи во буџетот на Генералниот секретаријат за 2022 година не беа предвидени средства за оваа намена. Според записникот од четвратата седница на Советот (10.02.2022) членката на Советот од Министерство за финансии информираше дека „средствата во буџетот на Владата на Република Северна Македонија

[18] Дневниот ред со материјалите за петтата седница на Советот се достапни на: https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/704
[19] Брошура:Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество - ДИЈАЛОГ И ЗАЈАКНУВАЊЕ
[20] Видео: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
[21] Согласно член 30 од Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
[22] Според член 28 од Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

за 2022 година од ставка 463-Трансфери до невладини организации се наменети за Црвениот Крст на Република Северна Македонија. Имајќи предвид дека Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година и Законот за извршување на Буџетот за 2022 година се веќе донесени, пренамена на овие средства не е можна, односно средства за граѓанските организации може да се бара при евентуален ребаланс на Буџетот.”

Членови на Советот сметаа дека нема правно образложение и основа за ваквата распределба на средствата и инсистираа Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2022 годни повторно да се стави на дневен ред на Генералниот колегиум на државни секретари. Членови на Советот го покренаа прашањето зошто се напуштила добрата пракса за финансирање на ГО која беше утврдена во последната скоро декада имајќи ги предвид позитивните искуства од претходните години на доделување на средства на транспарентен и отчетен начин со учество на Советот во овој процес. Незадоволство посебно беше истакнато меѓу членовите тоа што Советот беше занемарен во овој процес и во ниту еден момент не беше консултиран.

> На четврата седница на Советот, членовите носат одлука да се достави Барање за разгледување и донесување на Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за 2022 година до претседателот на Владата, Канцеларијата на претседателот на Владата, генералниот секретар на Владата и министерот за финансии.

И покрај искажаните ставови на членовите на Советот, на петтата седница на Советот одржана на 17.03.2022 година, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците ја достави Предлог-програмата за финансирање програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година до Советот за мислење. Советот ја разгледа истата и донесе одлука да даде мислење откако Владата ќе утврди конечен став по Предлог-Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година на Генералниот секретаријат на Владата. Добиеното мислење од Министерство за финансии и одговорот од Канцеларијата на претседателот на Владата укажуваат дека финансирање на здруженија и фондации ќе има само се менува правниот субјект кој ќе ги доделува овие средства. Сето ова отвори нова дискусија за потребите од оваа промена и нетранспаретниот однос на Владата кон ова прашање како и незимањето во предвид на барањата на Советот.

На истата седница членовите донесоа одлука да се испрати ново Барање до претседателот на Владата за разгледување и донесување на Предлог-програмата за финансирање на програмски активности на здруженијата и фондациите за 2022 година и барање за средба на која ќе се изнесат барањата на Советот. Во оваа фаза Советот реши да излезе и во јавноста со испраќање соопштение до јавноста и држење прес. На прес-конференцијата членките на Советот од редовите на граѓанските организации побараа да се направи ребаланс на Буџетот за да се предвидат средства за реализација на Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите на Генералниот секретаријат на Владата за 2022 година, а во спротивно најавија дека ќе ја бојкотираат работата на ова советодавно тело. На прес-конференцијата беше нагласено дека Советот не се согласува со запирањето на постапката за донесување на Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите на Генералниот секретаријат на Владата за 2022 година. Со ваквата одлука, Владата ја напушта досегашната добра пракса за консултации со Советот и со граѓанските организации, што

> На петтата седница на Советот, членовите од редот на ГО носат одлука да ја бојкотираат работата на Советот и ја информираат јавноста преку прес-конференција одржана на 24.03.2022 година.

е спротивно на нејзините заложби декларирани во Програмата за работа на Владата 2022 – 2024 година, особено во делот на обезбедување поволно опкружување за работа на граѓанското општество и реформата на државното финансирање на граѓанските организации[23].

Иако во бојкот, членовите на Советот ја одржаа тематската седница на 06.04.2022 година, бидејќи седницата веќе беше закажана пред почетокот на бојкотот. На оваа седница членовите ја потврдија својата одлука членовите од редот на граѓанските организации да ја бојкотираат работата на Советот се до обезбедување на средства од Буџетот за реализација на Предлог-програмата за финансирање на програмски активности на здруженијата и фондациите за 2022 година. На оваа седница членовите донесоа одлука да се испрати писмено известување до претседателот на Владата, министерот за финансии и генералниот секретар на Владата дека членовите на Советот од редот на граѓанските организации ќе ја бојкотираат работата на Советот се до обезбедувањето на средства во Буџетот на Владата за реализација на Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година. Со овој допис повторно се побара да се организира средба со Претседателот на Владата на која ќе се изнесат барањата на Советот. Ова писмо испратено на 20.04.2022 е трета писмена комунукација од членовите на Советот до највисоката владина инстанца за решавање на прашањето.

На 27.09.2022 Владата донесе Одлука за критериумите и начинот на распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија[24] со која се утврдува средствата за оваа намена да бидат обезбедени во рамките на буџетот на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците. Со носењето на ова Одлука престанува да важи претходната Одлука[25] донесена во 2019 година, а која предвидуваше распределба на средства од буџетот на Генералниот секретаријат. Веднаш потоа на предлог на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, на 04.10.2022 Владата донесе Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година. Програмата ги содржи приоритетните области на Предлог-Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 условно поддржани од Советот на 5-тата седница (17.03.2022) и приоритетните цели содржани во Предлог-Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 предложена од Генералниот секретаријат, по спроведен консултативен процес со граѓанските организации и поддржана со позитивно мислење од Советот на 3-тата седница (23.12.2021). Средствата кои беа доделени во 2022 година преку ова министерство изнесуваат 14.5 милиони денари и износот е помал од првично планираниот (20 милиони денари) во буџетот на Генералниот секретаријат.

Советот, иако во бојкот, одржа итна седница на 6.10.2022 година со точка на дневен ред новодонесената Одлука од Владата. На седницата се констатираше дека Одлуката е донесена без претходна консултација и мислење од Советот со што се дерогира функцијата на ова советодавно тело како главен облик за дијалог меѓу Владата и граѓанското општество, па дури и се доведува во прашање потребата од негово понатамошно постоење.

[23] https://epi.org.mk/post/20699
[24] Службен весник на РСМ бр. 210/22
[25] Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија, Службен весник на РСМ бр. 277/19

На истата седница, членовите на Советот донесоа одлука писмено да ги поканат на јавна седница претседателот на Владата, првиот заменик на претседателот на Владата, заменикот на претседателот на Владата за европски прашања, министерот за финансии, генералниот секретар на Владата и секретарот на Секретаријатот за законодавство.

> До крајот на 2022 година Претседателот на Владата не се одзва на барањето и не се одржа јавната седница на Советот со присуство на владини претставници на највисоко ниво, а членовите на Советот од редот на ГО останаа во бојкот.

# 6. Заклучоци и препораки

## 6.1. Заклучоци

**Владата на Република Северна Македонија не се консултираше со Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество при носење на клучни одлуки поврзани со државното финансирање.** Носејќи одлуки поврзани со државното финансирање на граѓанските организации без претходна консултација и мислење од Советот, Владата ја дерогираше функцијата на ова советодавно тело како главен облик за дијалог меѓу Владата и граѓанското општество. Владата не само што остана нема на барањата и апелите од членовите на Советот за почитување на нивното мислење за Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите во 2022 туку донесе уште порадикална Одлука за префрлање на средствата од буџетот на Генералниот секретаријат на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците. Износот на средствата доделени преку ова министерство е помал од првично планираниот во буџетот на Генералниот секретаријат. Реформата на државното финансирање на ГО стои во место, и не се создаваат услови за исполнување на обврската на Владата за постепено растење на средствата за организациите од државата, удел од 20% во вкупните приходи на ГО во 2022г, 25% во 2023г и 30% во 2024г.

**Програмата за работа на Советот за 2022 година е солидна основа за поефективно работење на Советот.** Програмата за работа развива добра практика за подобро планирање на работата на Советот, зголемена отчетност и транспарентност но и вклучување и консултирање на граѓанските организации.

**Советот делумно ја спроведе Програмата за работа за 2022 година.** Во 2022 година Советот одржа четири седници посветувајќи најголемиот дел од седниците на прашањата важни за граѓанското општество, при што клучниот приоритет беше поврзан со државното финансирање за ГО. Советот отвори простор и покрена прашања и предизвици во работењето на граѓанските организации кои беа на предлог на организациите. Меѓутоа поради започнувањето на бојкотот од страна на членовите од редот на граѓанските организации, Советот делумно ја спроведе Програмата за работа на Советот за 2022 и не спроведе низа активности кои се во согласност со приоритетите на Стратегијата за соработка со и развој на граѓанското општество.

**Членовите на Советот беа редовни на седниците**. Процентуално, 74% од членовите на Советот учествувале на три или четири седници во 2022г. Редовноста е помала кај членовите од редот на органите на државната управа. Има незначителен обрт во членството во Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, иако истиот е поголем кај членовите од редот на органите на државната управа. Во 2022 г., не беше формирано ниту едно ново работно тело во состав на Советот.

**Организациите се информирани за работата на Советот а помалку од половина од организациите го препознаваат Советот како релевантно тело за соработка со Владата. Советот**

**нема усвоено Комуникациска стратегија и План за комуникација на Советот.** Преовладува информираноста околу работата на Советот кај граѓанските организации, односно 61.5% од граѓанските организации се информирани за работата на Советот. Сепак околу една третина од организациите (36.2%) сметаат дека Советот претставува релевантно тело за соработка и влијание во креирање политики за развој на граѓанското општество. Граѓанските организации сметаат дека членовите од редот на граѓански организации во Советот се уште не ги консултираат доволно за прашања поврзани со областите на нивното делување, односно 30% од организациите изјавиле дека се консултирани од членовите на Советот.

**Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат на Владата соодветно ги врши административно-техничките работи на Советот.** Одделението ги води записниците на начинот предвиден во Деловникот и ги исполнува дадените задолженија утврдени на седниците. Записниците заедно со останатите пропратни материјали редовно ги објавува на својата веб-страна.

## 6.2. Препораки

**Одлуките на Владата да се носат преку широк консултативен процес, вклучувајќи го Советот и граѓанските организации.** Владата да ја препознава значајната улога на Советот како репрезентативно советодавно тело и граѓанските организации како партнери во дефинирањето на политиките.

**Носење на секундарна легислатива што ќе го заштити функционирањето на Советот.** Условите, постапката за донесување на одлука и времетраењето на бојкотот треба да се уредат со актите за формирање на Советот. Одлуките на Владата не смеат да го попречат работењето на Советот кое што може да направи домино ефект во овозможувачката средина за развој на граѓанското општество.

**Владата да ја спроведува својата Стратегија за соработка со и развој на граѓанското општество**. Во Стратегијата децидно е наведено дека Владата ќе обезбеди континуирано работење на независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет, ќе работи на унапредување на системот на државното финансирање на граѓанските организации и зголемување на државното финансирање на граѓанските организации од сегашните околу 10 милиони евра, на повеќе од 30 милиони евра во буџетот за 2024 година.

**Советот да продолжи со изготвување на годишна програма за работа и да работи во согласност со усвоената програма.** Членките на Советот од редот на граѓанските организации треба да направат напори навремено да ги консултираат граѓанските организации при изготвување на годишната програма и да ги информираат откако истата ќе биде усвоена, со цел да се зголеми транспарентноста на нивното работење и да се олесни вклучувањето на граѓанските организациите во работата на Советот.

**Советот да работи повеќе на зголемување на видливоста и довербата.** Советот да ги усвои Комуникациската стратегија и Планот за комуникација и да вложи напори доследно да ги спроведува. Советот да ги информира, да ги консултира и да ги вклучува граѓанските организации континуирано за одлуките кои ги презема, а кои имаат влијание врз работа и развојот на граѓанскиот сектор. Материјалите изготвени за и од работењето на Советот редовно да се дисеминираат меѓу граѓанските организации и во јавноста.

**Советот да ја продолжи добрата практика на воспоставување работни тела**, особено за прашања поврзани со темите приоритетни од Стратегијата, и да овозможи придонес од релевантни

актери на граѓанското општество надвор од Советот во рамки на работата на тие тела. Советот да поттикнува различни чинители на граѓанското општество (граѓански организации, грас-рут организации, неформални движења, активисти) надвор од членовите од редот на граѓанските организации да земаат учество во работата на Советот и во работните тела.

**Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат на Владата да продолжи да ги врши административно-техничките работи на Советот во согласност со Деловникот за работа**.

# Анекси

## Анекс 1: Присуство на членовите на Советот во 2022 година

| Член на Советот | 4та седница (10.02.2022) | 5та седница (17.03.2022) | 6та седница (6.4.2022) | 7ма седница (6.10.2022) |
|---|---|---|---|---|
| Јасминка Ангелова, Министерство за внатрешни работи | + | + | + | - |
| Бојана Босилкова,<br>Министерство за правда | + | + | + | Мира Димишковска учествувала |
| Розика Бојаџиева, Министерство за финансии | + | + | + | + |
| Елизабета Тодорова,<br>Министерство за економија | + | + | + | + |
| Кристина Петрова, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | - | + | - | - |
| Слободанка Анчевска, Министерство за здравство | - | + | - | - |
| Билјана Трајковска, Министерство за образование и наука | + | + | + | - |
| Лидија Штерјов, Министерство за труд и социјална политика | - | + | + | + |
| Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа | + | + | - | + |
| Љуљзим Селмани, Министерство за култура | - | - | - | - |
| Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање | - | + | + | + |
| Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација | + | + | + | + |
| Христина Конеска Бероска, Секретаријат за европски прашања | + | + | - | + |
| Санела Хаџибулиќ, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците | + | - | + | + |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Гордана Цекова, Агенција за млади и спорт | - | + | + | - |
| Фани Каранфилова Паневска, Фондација Отворено општество - Македонија | + | + | + | + |
| Снежана Камиловска Трповска, Македонски центар за меѓународна соработка | + | + | - | + |
| Уранија Пировска, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија | + | + | - | + |
| Никица Кусиникова, Конект Скопје | + | + | + | + |
| Димитар Низмановски, Младински образовен форум | + | - | - | - |
| Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА | + | + | + | - |
| Јасминка Фришчиќ, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост Скопје | + | - | + | + |
| Далиборка Златева, Здружение на лица со целебрална парализа и други попречености Велес | + | + | + | - |
| Марија Саздевска, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција здруженска Скопје | + | + | + | + |
| Андреј Сених, Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – Заедно посилни Скопје | + | + | + | + |
| Лилјана Јоноски, Рурална коалиција Куманово | + | + | + | + |
| Тијана Ана Спасовска, Јадро Асоцијација на независната културна сцена | - | + | + | - |
| Никола Додов, Здружение за потикнување и промоција на информатиката Асоцијација на студенти информатичари Скопје | - | + | - | + |
| Сашка Коцевска, Движење на екологистите на Македонија Велес | + | - | - | - |
| Драгица Костадиновска, Здружение мултиетничка организација за интернационални култури Мозаик Меик Скопје | + | + | + | - |
| Ардита Абази Имери, Институт за европска политика Скопје | + | + | + | + |